**З А П И С Н И К**

**од 47-та редовна седница на Советот на Општина Валандово**

**одржана на ден 30-ти јуни 2025 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 12.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата беа присутни беа сите 15 советници, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација.

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За 47 тата редовна седница беше предложен дневен ред од 6 точки.

1. Решение за именување на член - вработен во општинската администрација на Општина Валандово во Управниот одбор на Ј.У. Центар за социјална работа Валандово;
2. Програма за измена и дополнување на програма за локален економски развој на Општина Валандово за 2025 година;
3. Заклучок за усвојување на Елаборат за за проценета штета од елементарна непогода: настаната како последица на ниските температури и појава на слана која го зафати подрачјето на Општина Валандово на 20.03.2025 година и 21.03.2025 година;
4. Заклучок за усвојување на Информација за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна помош на граѓаните во Општина Валандово;
5. Одлука за определување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици од ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово и ООУ„Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово на релации за кои нема обезбедено линиски превоз за учебната 2025/2026 година;
6. Одлука за за одобрување финансиски средства на спортски здруженија и здруженија на граѓани за реализација на програмски активности.

Немаше пријавено други за дискусија, па дневниот ред со 15 гласа ЗА , 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ беше изгласан.

По ова беше отворена расправа по Записникот од 46 тата редовна седница. Немаше пријавено за дискусија, па беше ставен на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА.

Се премина на работа по усвоениот дневен ред:

ТОЧКА 1

По Решение за именување на член - вработен во општинската администрација на Општина Валандово во Управниот одбор на Ј.У. Центар за социјална работа Валандово за збор се јави Претседателката на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања Надица Недиќ

која како предлог за  член - вработен во општинската администрација на Општина Валандово во Управниот одбор на Ј.У. Центар за социјална работа Валандово ја предложи Елена Фидански која доаѓа на место на претходно разрешен член со Одлука од Влада без притоа да му биде истечен мандатот.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Градоначалникот на Општина Валандово Перо Костадинов којн рече дека Општина Валандово и Советот на Општина Валандово од страна на ЈУ Центар за социјална работа Валандово но мислам дека сите тука вие сте во тек бидејќи овде се гласаше претходниот член на УО и навистина не знаеме која е причината за разрешување на претходниот член кој имаше регуларен мандат до 2028 година разрешување можеби би било подобро советничката група на Вмро-Дпмне да даде предлог бидејќи ние сме мала општина и немаме потреба од овие работи. Со слична ситуација се соочуваме и со член на УО на ЈОУ ДГ Калинка Валандово но бидејќи постојаните членови се со регуларен мандат истата точка не е ставена на дневен ред но овдека разрешувањето е веќе констатирано директно од Владата на РСМ.

Никој друг не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН .

ТОЧКА 2

По Програмата за измена и дополнување на програма за локален економски развој на Општина Валандово за 2025 година образложение имаше Анита Трајкова

Беше отворена расправа.

За збор се јави Тоше Тодоров. Тој го искажа својот став дека проследувајќи ја точката за измена на Програмата за  ЛЕР на Општина Валандово за 2025 година и вметнување на сите овие проекти распишано е Јавен повик во Министерствата и изјави дека му паѓа во очи изградбата на затворен базент кој бил дел од програмата на Градоначалникот и рече дека повеќе му личи на комерцијален објект а не да биде во склоп на училиштето со оглед на тоа што таквите базени имаат многу скапо одржување и не се знае колку има економска исплатливост за понатамошна експлоатација, бидејќи веќе во Валандово имало еден затворен базент, кој што не работи. Посочи дека гледајќи ги средствата каде што има предвидено шеесет и еден милион денари или еден милион евра а сите други останати проекти заедно чинат толку, рече дека  во ред е капа доле за реконструкција на училишта и потесен цевковод, фотоволтаици, но не ја разбира потребата од затворен базен, а имало многу други проекти но изгледа не биле спремни и не биле ставени во програмата, и праша дали долгорочно во стратегијата на ЛЕР се влезени овие проекти?

Градоначалникот  одговори дека не се работи само за измената и дополнувањето на Програмата за ЛЕР туку се работи и за повикот кој што го има Владата за проекти кои што локалниоте самоуправи ги имаат спремно да ги аплицират. Истот така посочи дека се сеќава добро дека пред извесен период кога беше отворен повикот Вие дискутиравте за проектите што ги има општината и бидејќи рече дека бидејќи очигледно не сте информиран најдобро ќе ви дадам одредени информации за да знаете.По формулата што ја има Владата за пресметка по глава на жител на Општина Валандово и следуваат околу 88 милиони денари за реализација на проекти по однос на овој повик. Сите овие четири проекти на кои што правиме измени и дополнувања во

Програмата на ЛЕР, Општина Валандово ги аплицираше до надлежните министерства односно на самиот повик. Вредноста на овие проекти ја надминува оваа вредност за некои 40 милиони денари затоа на овој последен проект ќе биде аплициран преку другите можности кои што ни стојат на располагање на различни повици за да дојдеме до средствата. Сите овие проекти се по консултации со граѓаните и не се прави изборна програма бидејќи ќе правите сигурно и вие и не се прави од комерцијални побуди и побуди од поединец туку се прави за да ги задоволи потребите на граѓаниете, така да самиот проект за затворен базен е аплциирaн преку ресорното министерство, Министерство за образование и ќе биде пред се од полза на образовниот процес на сите деца од Валандово и за сите граѓани на Општина Валандово, така да најпозитивно од Вашата дискусија што извлегов дека е барем ако ништо друго спомнавте дека добро е да се прават и реконструираат училишта и сл. Досега на се што се прави а во моментот течат многу проекти немате кажано дека се добри и тоа нас ниту не чуди ниту не вознемирува и да ве прашам дали изградбата на колекторскиот систем во Валандово е комерцијален објект и што ќе кажете за тој проект?

Тоше Тодоров се јави за контра реплика.

Рече дека дали колекторскиот систем е комерцијален објект нема да каже, јасно е дека не е но да не се случи пак како што не беше гласана прочистителната станица за одобрување на средства да се деси и со затворениот базен, рече дека тој не одлучува за тоа туку ќе има гласање за тоа во Собранието, рече дека колку има приоритет за овој затворен базен и каква ќе биде неговата експлоатација јас гледам дека се реализира под превезот Министерството за образование, ќе треба училиштата да стопанисуваат а училиштата ќе треба да ги помага општината и ќе биде голем товар на општината во услови каде што немаме реализација на булевари, немаме затоплување на спортска сала, рече дека ние салата не можеме да ја затоплиме за рекреација на младите а не базен. Рече дека Валандово нема вода да се напие се носи со километри.

Градоначалникот одговори дека за ова излагање може да се напише роман бидејќи не знаеме од кај да започнеме и завршиме. Посочи дека советникот прво рече дека немој да се случи како прочестителната станица да не биде изгласен и базен. Тоа значи дека оние кој што не гласаа за прочестителната станица а беше поднесен амандман а да ви кажам дека исто како амандам ќе биде боднесен и на ребалансот на централниот буџет па ќе видиме како ќе се гласа, го чуствуваат како гордост што не беше излгасан за прочестителната станица во Валандово. Јас не знам што правиме и јас како Градоначалник и Вие како советници ако сметаме дека е правилна одлуката да не се гласа за прочестителната станица во Валандово. Мислам дека треба сите да се самораспуштиме и да не ги злоупотребуваме граѓание кои на непосредни избори гласаат за нас. Рече дека бидејќи го сфаќаме како закана да не се гласа за затворениот базен да биде изграден во Валандово, замислете ова е братоубиствена војна валандовчанец против валандовчанец затоа што не излегла идејата од другата страна, ние ќе го пренамениме четвртиот проект доколку ни биде дозволено тоа но оваа дискусија ви штети само на вас, навистина немаме потреба да гласаме против проектите за Валандово, дај боже како централан власт донесете вие

проекти сите ќе ги реализираме заеднички бидејќи ниту еден од тие проекти не ги носиме дома и ниту еден не е комерцијален туку треба да работиме иссклучиво за граќаните и нивен бенефит. Исто така посочи дека во врска со тоа што Валандово нема вода за пиење не знам од каде овие информации, и зошто мислите дека вас сега ве гледаат во Минхен германија ане валандовчани па да не можат да ја пуштат чешмата и да го проверат тоа.. Ве молам борете за политтичка превласт но навистина немаме потреба да дискутираме на ваков начин во Валандово. Ако на овој начин функцуионираме а се гледа дека тоа се случува во континуитет и ништо не се поддржува а гледаме дека некои проекти беа ишиканирани, и ние сме сведоци како реконструкции на училишта не сте ги гласале а се појавувате на отварањето на училиштата, така да граѓание многу убаво знаат што се случува и немаме потреба на ваков начин, како да сакаме да ги излажеме граѓание но еднииствено само вие се лажете, еве кој сакате вие ставете во тие 88 милиони кој ќе кажете да поминат тие нека поминат но нема потреба да кажете дека нема да бидат изгласени во Собранието и можеби нема да бидат изгласени. Ако не бидат  изгласени можеби ќе страдат граѓание но ние ќе продолжиме да се бориме на секој можен повик да аплицираме. Тоа е Влада која припаќа на сите граѓани ние во моментот реализираме два проекти и тоа Изградба на капела на градските гробишта во Валандово и Инфраструкторно уредување во индустриската зона во Јосифово и тоа се наши заеднички проекти. На крај на ден во моментот гласаме Програма за Локален економски развој и самиот назив и кажува дека треба економскиот развој во општината да биде подобар. И сигурно реконструкцијата на цевководот, на реконструкцијата на Јавното комунално претпријатие и реконструкција на училиштето во Брајковци практично што тие граѓание Вие треба да ги застапувате како советник од бејмискиот регионо можеби во моментот не му давате предност на изградбата затворениот базен но тоа ќе биде од огромно значење за секој еден млад валандовчанец како што секој од нас може да се гордее со отварањето на кино салата и кога ќе погледнете дека во поголемите градови немаат кино сали, практично треба сите да си помагаме бидејќи сите ние имаме функции и заеднички да се бориме вие како советник, плус пратеникот од Валандово да ни помага да добиеме проекти. Имаме политички функции кои што треба да го подобруваат животот.

Никој друг не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 13 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 2 ВОЗДРЖАНИ .

ТОЧКА 3

По Елаборат за за проценета штета од елементарна непогода: настаната како последица на ниските температури и појава на слана која го зафати подрачјето на Општина Валандово на 20.03.2025 година и 21.03.2025 година образложение имаше Анита Трајкова

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ .

ТОЧКА 4

По Информација за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна помош на граѓаните во Општина Валандово

Беше отворена расправа.
Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ .

ТОЧКА 5

По Одлука за определување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици од ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово и ООУ„Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово на релации за кои нема обезбедено линиски превоз за учебната 2025/2026 година

Беше отворена расправа.
Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ .

ТОЧКА 6
По Одлука за за одобрување финансиски средства на спортски здруженија и здруженија на граѓани за реализација на програмски активности

Беше отворена расправа.
Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ .

Со ова беше исцрпен дневниот ред и беше отворен делот за

СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА

Немаше советнички прашања и седницата беше заклучена.

Претседател

Записничар | на Совет на Општина Валандово

Стефан Димитров | Владимир Марков